# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

**Сл.Весник на Р.Македонија бр. 131 од 29.10.2007 година**

**Член 1**

Во Законот за авторското право и сродните права ("Службен весник на Република Македонија" број 47/96, 3/98, 98/2002 и 4/2005), во членот 141 ставот 1 се менува и гласи:
"Колективно остварување вршат здруженија на автори, односно здруженија на носители на сродни права основани за таа цел, како здруженија на граѓани во согласност со Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, односно стопански интересни заедници во согласност со Законот за трговските друштва (во натамошниот текст: здруженија)."

**Член 2**

Во членот 155 ставот 1 се менува и гласи:
„Управен надзор над здруженијата за колективно остварување на авторското право и на сродните права врши Министерството за култура."

Во ставот 2 зборовите: „може да спроведе инспекциски надзор" се бришат.

Во ставот 4 зборовите: „два месеци" се заменуваат со зборовите: „30 дена".

**Член 3**

Во членот 162 ставот 4 се менува и гласи:
„За постапката по привремени мерки се применуваат одредбите на законот со кои се уредуваат мерките за обезбедување, односно привремените мерки, доколку со овој закон поинаку не е определено."

**Член 4**

По членот 163 се додава нов член 163-а, кој гласи:

„Член 163-а

Правото на заштита на правата од овој закон не застарува, освен доколку со овој закон поинаку не е определено.

Барањата од овој закон што по својата природа се од облигационо-правен карактер, а за кои со овој закон не е определен посебен рок на застареност, застаруваат според општите правила за застареност на побарувањата."

**Член 5**

Во Одделот 4 насловот „Казнени одредби" се менува и гласи „Прекршочни одредби".

**Член 6**

Во членот 168 став 1 воведната реченица се менува и гласи: „Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се

изрече за прекршок на правното лице кое:".

По алинејата 7 се додава нова алинеја 8, која гласи:

„- без одобрение на издавачот и без плаќање на надоместок на издавачот фотокопира за приватно или друго сопствено користење негово пишано дело (член 131);".

Алинеите 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 стануваат алинеи 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице, на трговецот поединец и на поединецот кој врши самостојна дејност или професија, за прекршокот од ставот 1 на овој член."

Ставот 3 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице за прекршокот од ставот 1 на овој член."

Ставот 4 се менува и гласи:

„За прекршок од ставот 1 на овој член сторен од користољубие или за прекршок со кој е предизвикана поголема имотна штета, на правното лице од ставот 1 на овој член ќе му се изрече глоба од 10.000 евра во денарска противвредност, а на физичкото лице од ставовите 2 и 3 на овој член ќе му се изрече глоба до 6.000 евра во денарска противвредност."

Ставот 5 се менува и гласи:

„За прекршокот од ставот 1 на овој член на правното лице, односно на трговецот поединец и на поединецот кој врши самостојна дејност или професија, му се изрекува дополнителна санкција забрана на вршење на дејност во траење од најмногу пет години, сметано од денот на правосилноста на одлуката."

Ставот 6 се менува и гласи:

„За прекршокот од ставот 1 на овој член на правното лице, на трговецот поединец и на поединецот кој врши самостојна дејност или професија и на физичкото лице привремено ќе му се одземат примероците на авторското дело од алинејата 1, примероците од компјутерската програма од алинејата 6, снимките на изведбата, односно сценското дело, како и фонограмите и видеограмите од алинејата 7, снимките на програмите од алинејата 9 и средствата од алинеите 15 и 18 на овој член, како и другите средства што биле користени или наменети за извршување на прекршокот од овој член."

Ставот 7 се менува и гласи:

„Запленетите предмети, како и другите средства што биле користени или наменети за извршување на прекршокот од овој член, државниот пазарен инспектор (во натамошниот текст: инспекторот) е должен веднаш да ги предаде на надлежниот суд, односно да го извести за извршеното привремено одземање на предметите и да се погрижи за нивно чување до поведување на прекршочната постапка."

По ставот 7 се додава нов став 8, кој гласи:

„Привремено одземените предмети настанати со прекршокот од овој член, по правосилноста на судската одлука, се уништуваат."

**Член 7**

Членот 169 се менува и гласи:
„За прекршоците од членот 168 на овој закон не може да се поведе постапка ниту таа да се води доколку поминат пет години од денот кога е сторен прекршокот, а изречената санкција заради сторениот прекршок не може да се изврши по истекот на две години од денот на правосилноста на одлуката за прекршокот."

**Член 8**

Членот 170 се менува и гласи:
"Инспекцискиот надзор на спроведување на одредбите од овој закон по однос на дистрибуцијата и јавното соопштување на авторското право и сродните права, односно на авторските дела и предметите на сродни права, го врши Државниот пазарен инспекторат.

Кога инспекторот при вршењето на надзорот основано се посомнева дека е сторен прекршок, како привремена мерка ги одзема производите, односно примероците на авторските дела или примероците на предметите на сродните права што биле користени или наменети за извршување на прекршокот, како и опремата, средствата и документите во врска со нив, за што е должен да издаде потврда со точен опис и количина на одземените предмети.

Инспекторот од ставот 2 на овој член е должен најдоцна во рок од 15 дена од денот на одземањето на предметите, како и другите средства што биле користени или наменети за извршување на прекршокот од овој член да поднесе барање за поведување прекршочна постапка, во спротивно е должен предметите да ги врати на лицето од кое се одземени.

Во барањето за поведување на прекршочна постапка, инспекторот е должен да ја наведе и преземената мерка од ставот 2 на овој член.
Ако инспекторот утврди дека со сторениот прекршок е остварена незаконска противправна имотна добивка е должен во барањето за покренување на прекршочната постапка да ја наведе висината на таа добивка и да бара да се одземе од сторителот.

Инспекциски надзор на спроведувањето на одредбите на овој закон по однос на производството, репродукцијата, ускладиштувањето, објавувањето и снимањето на компјутерските програми, музички и аудиовизуелни дела на носачи на тон и на тон и слика, во согласност со закон, врши Министерството за внатрешни работи."

**Член 9**

Членот 170-а се брише.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 10**

По членот 184-ѓ се додаваат два нови члена 184-е и 184-ж, кои гласат:

"Член 184-е

Постапките на инспекциски надзор и прекршочните постапки започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат

според прописите кои биле во сила до денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 184-ж

Инспекторите, вработените, опремата, инвентарот и другите работи, архивата, документацијата, средствата за работа и другите средства од Министерството за култура -Инспекцијата за авторско право и сродни права преминуваат во Државниот пазарен инспекторат, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон."

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".